# IN MEMORIAM



## Глигор Тодоровски

**(5 октомври 1928 - 10 октомври 2003)**

***Човекоӣ умира со сӣоменоӣ за него!***

Кога животот ќе ви наметне тема за пишување, а таа е воедно и своевидно збогување од драга личност, идеите не навираат, инспиративноста чмае. Небаре со тоа ќе ја смените реалноста.

Сепак, одејќи по стереотипот, кој мојот ментор мислеше дека не ми е својствен, ќе напишам дека д-р Глигор Тодоровски се родил во с. Росоки, Гостиварско, каде што завршил основно образование. Средно училиште посетувал и завршил во Битола, а на Филозофскиот факултет завршил студии по национална историја во 1955 година. Животната врвица ја продолжил во гевгелискиот крај, каде што работел како училиштен инспектор, потоа директор на осмолетка, како и професор по историја. Во октомври 1957 се вработил во Институтот за национална историја како асистент во Одделението

за преродбенско-националноослободително движење. Неговото ангажирање на полето на националната историја, особено за малореканскиот предел, било пренесено во докторскиот труд „Малореканскиот предел“, одбранет во 1965 година. Истата година го добил звањето научен соработник во ИНИ, додека во 1970 станал виш научен соработник, за во 1975 година да се здобие со највисокото научно звање научен советник. На 5 октомври 1988 година д-р Глигор Тодоровски се пензионирал, со што го завршил активниот период на работа во Институтот за национална историја, каде што го вградил поголемиот дел од неговиот живот.

Ќе запишеме дека за огромната и несебична ангажираност на д-р Глигор Тодоровски во многу организации, здруженија, совети, редакции итн., бил одликуван со „Медаља рада“ од Президиумот на Народното собрание на ФНРЈ, како и со „Орден на трудот со сребрен венец“ со указ од претседателот на СФРЈ во 1975 година.

Мојата прва средба со д-р Глигор Тодоровски беше реализирана преку неговите „Реформи“ кои, како студенти, ги прегледувавме во библиотеката на Катедрата за историја. Им се воодушевувавме на трите тома полни со факти, знаења, чувство за синтеза на историјата за македонското минато и секако, на 11-Октомвриската награда за наука за 1984 година, доделена за тој тритомник. Тогаш дознавме дека д-р Тодоровски пишувал за малореканскиот предел и неговите општествено-економски и просветни состојби. Неговата „Окупација на Западна Македонија“ се беше закитила со Ноемвриската награда на градот Гостивар за 1983 година, додека трудот „Македонија по Балканските војни“ ја добил наградата на градот Скопје „13 Ноември“ за 1984 година, итн. итн.

Времето минуваше, а студентските денови ги продолжив на постдипломските студии. Како предавач, меѓу другите, се појави и д-р Глогор Тодоровски. Беше чудно доживување да се сретне човекот кон кого веќе сте создале стравопочитување. Измешаното чувство се стопи многу брзо, бидејќи пред себе гледав срдечен човек со смисла за хумор и спонтаност во работата, а не недопирлив автор на многубројни трудови и добитник на значајни награди. По игра на случајноста д-р Глигор Тодоровски стана мој ментор при вработувањето во Институтот за национална историја. Таму дознав дека во периодот од 1970 до 1974 година тој бил директор на ИНИ, дека го осмислувал „Гласникот“ на ИНИ како член на неговата редакција, бил член и на редакцијата на списанието „Историја“, дека бил секретар и претседател на Сојузот на друштата на историчарите на СР Македонија, и што уште не. И повторно се разбуди чувството на стравопочит, со поголема доза на првиот дел од зборот.

Соработката со д-р Глигор Тодоровски беше нешто како испитување на моќта за издржување на наметнатото темпо на работа, кое секогаш добиваше на интензитет. Неговиот однос како на мајстор кон чираче ја покажа вистината дека науката е тежок занает. Тогаш добиената навика за постојано и опстојно прочитување и прегледување на материјалите се претвори во дар од менторот што ќе ме следи во текот на животот. И додека јас добивав сè повеќе и повеќе

материјал за прочитување, д-р Глигор Тодоровски сè повеќе и повеќе објавуваше. Веќе беше бесцелно броењето на неговите статии објавувани во „Гласникот" на ИНИ, во „Историја", во „Современост", во „Флака е веллазеримит", „Балканика", „Прилози на МАНУ" итн. итн. Немаше симпозиум без негов текст, но и дискусија за другите соопштенија. Знаеше и да пофали и да покуди.

По неговото пензионирање во 1988 година продолжи со истиот интензитет на работа и објавување трудови, бидејќи пишувањето одамна му ја беше затруло крвта. Ниту товарот на годините, ниту притисокот на болеста не беа толку силни за да го одвратат од работа до последниот ден. Некаде се појавуваше како автор на книга, некаде како рецензент, некаде како коавтор.

Неговиот опус е импозантен.

И сè додека постојат студии и историографија, кои ќе го третираат прашањето на македонската историја, сè дотогаш ќе се користат трудовите на д-р Глигор Тодоровски. И по многу години, некој ќе полемизира со него, макар и преку неговите книги, неговите гледишта ќе бидат прифаќани или оспорувани, но, ТОЈ, и по многу години ќе биде присутен среде неговите историчари.

Нека му е вечна слава и благодарност.